Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев

10.11.2021

**Архивски број:** 03-533/30

Врз основа на член 32 став 1 алинеја 16 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ" број 20/2015, 192/2015, 231/2015 и 163/2018), член 18 став 1 алинеја 17 од Статутот на Академијата за судии и јавни ибвинители Павел Шатев („Службен весник на РМ" број 56/2015, 205/2018 и („Службен весник на РСМ" 115/2019), чл. 73 и 80 од ЗРО и Договорот за вработување на определено време број 04-247/10 од 16.09.2020 година, а во врска со член 62 став 1 алинеја 4 од Правилникот за почетна обука („Службен весник на РМ" бр. 19/2017, 88/2017, 11/2018 и 34/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр. 193/2020 и 296/2020), директорот на Академијата за судии и јавни обвинители на ден 10.11.2021 година, ја изрече следната

## ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ - ЈАВНА ОПОМЕНА

На слушателот на почетна обука Агим Ибрахими, заради сторена повреда на член 62 став 1 алинеја 4 од Правилникот за почетна обука и член 14 од Договорот за вработување на определено време број 04-247/10 од 16.09.2020 година, односно однесување со кое потешко се нарушува угледот на Академијата.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 16.09.2020 година беше склучен Договор за вработување на определено време број 04-247/10 од 16.09.2020 година помеѓу Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев и слушателот на почетна обука Агим Ибрахими. Во член 1 од Договорот за вработување е регулирано дека засновањето на работниот однос се врши на начин и под услови утврдени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, Законот за работните односи и општите акти на Академијата. Меѓу другите општи акти на Академијата е и Правилникот за почетна обука, кој во членот 61 вели дека Слушателите имаат обврска во следењето на почетната обука во Академијата да ги почитуваат правилата предвидени со општите акти на Академијата и на соодветната институција во која ја добиваат практичната обука. За непочитување на правилата од претходниот став од овој член предвидени се дисциплински мерки. Во член 62 став 1 алинеја 4 од истиот Правилник е регулирано дека меѓу другите, за дисциплинска повреда се смета сторено однесување со кое потешко се нарушува угледот на Академијата. Во таа насока е и член 14 од Договорот за вработување број 04-247/10 од 16.09.2020, согласно кој Слушателот е должен да се воздржува од сите постапки


Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

кои се штетни за угледот на Академијата или би ги повредиле интересите на Академијата.

Согласно член 64 став 1 од Правилникот за почетна обука, на ден 15.09.2021 година, до мене како директор беше поднесено Барање за поведување на дисциплинкса постапка за слушателот во почетна обука Агим Ибрахими број 03-533/4 од 15.09.2021 година, по што согласно член 65 став 1 беше формирана Дисциплинска комисија, надлежна за утврдување на фактичката состојба.

По одржани шест состаноци на дисциплинската комисија, до мене како директор доставен е Записник број 03-533/28 од 01.11.2021 година од последната седница на Дисциплинската комисија, во кој е содржан предлог за изрекување дисциплинска мерка јавна опомена и тоа заради утврдена повреда на член 62 став 1 алинеја 4 од Правилникот од почетна обука, поради сторени дејствија наведени во продолжение на оваа јавна опомена.

Имено, по одржаната online средба на ден 09.09.2021 година, со слушателите на почетна обука на која истите требаше да се изјаснат за вршење на судиската односно јавнообвинителската функција, во согласност со одредбите од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители (каде е утврдено дека определувањето се врши според постигнатиот успех во теоретската настава согласно член 96 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители), слушателот на почетна обука Агим Ибрахими, незадоволен од фактот дека нема можност да се определи за вршење на судската функција, започна со преземање на низа дејствија со кои стори повреда на член 62 став 1 алинеја 4 од Правилникот за почетна обука и член 14 од Договорот за вработување.

Имено, на ден 10.09.2021 година слушателот Агим Ибрахими до мене поднесе Опомена пред тужба за вознемирување на работно место (мобинг) и дискриминација, а во истиот ден доставил и Барање за заштита од дискриминација до Судскиот совет на РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител на РСМ, претседателот на Здружение на судии на РСМ и Уставниот суд на РСМ. Потоа дописи со иста содржина слушателот упатил и до првиот заменик на Владата на РСМ и Министер за политички систем, како и до Врховниот суд на РСМ, Министерството за правда на РСМ каде бара иницирање на постапка за мое разрешување од позицијата директор поради непочитување на принципот на соодветна и правична застапеност и незаконско работење.

Неспорно е правото на кандидатот да бара институционална заштита на правата кои смета дека му се повредени – во случајов толкување на Законот за


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Академијата во духот на начелото на правична застепеност. Дотолку повеќе што заштитата од виктимизација како институт го гарантира правото дека никој нема да трпи штетни последици кога се бара остварување на права. Меѓутоа истото треба да биде сторено на соодветен, достоинствен и пристоен начин без притоа да бидат изнесувани лаги, невистини, тврдења, со кои потешко се нарушува угледот на Академијата, мојот углед како директор, угледот на вработени во Академијата вклучени во процесот на спроведување на почетната обука, особено потенцирајќи го освен директорот и државниот советник Сања Пандилов, останати слушатели на почетна обука, други лица – функционери во правосудството.

Во Опомената пред тужба, упатена до мене како директор на Академијата на ден 10.9.2021 година, слушателот користи навредливи зборови со кои изнесува неосновани обвинувања, притоа велејќи:

**...„Ниту Вие, ниту некој друг, не му ги дадовте бодовите за прием на АСЈО, ниту за време на тестовите во рамките на теоретската настава, како што беше напишано во јавноста за неколку кандидати во оваа генерација, во што верувам со оглед на фактот дека гледав со свој очи како се злоупотребуваат поените од тестовите“.**

Понатаму, слушателот неосновано тврди дека резултатите од Модул 1 биле изманипулирани со што се влијаело на неговото рангирање на ранг листата од теоретска настава.

**„....Кога поднесов кривична пријава против осомничената, а можеби сега и обвинета Сања Пандилов, бев сигурен дека сте биле во заблуда или сте биле изманипулирана од Сања Пандилов за да потпишете незаконска писмена опомена со лажна содржина. Но сега сфаќам дека не било така, туку дека и Вие сте биле свесна и сте имале намера како неа да ми наштетите по секоја цена. Сепак и покрај сите ниски обиди да ми наштетите поради политички и етнички и други причини непознати за мене, и да ме спречите по секоја цена да бидам судија....”.**

Меѓу другото во текстот слушателот наведува барање овој документ да биде доставен до заменикот на директорот на Академијата, кој како што вели **„има должност да ме брани од Вашата континуирана дискриминација, мобинг и злоупотреба на политичка, етничка и друга засега непозната основа, пред се затоа што сум Албанец и политички неопределен”.**

Во подолниот текст во истиот документ, слушателот Ибрахими исто така изнесува неосновани обвинувања:

**„Ова што ми се прави во Академијата го толкувам и како можно продолжено сценарио на режисерот Илир Сулејмани, кој наместо да ги санкционира заканите по мојот живот, го охрабруваше, заштитуваше, а и соработуваше со закавачот за елиминирање на неговиот конкурент за претседателската функција, Илир Сулејмани, слично како Владимир Панчевски местел предмети и правел злоупотреби во Основен граѓански суд Скопје, но Јавното обвинителство се плаши да го испита и да го гони, бидејќи тој ужива „партиски имунитет" кој како апсолутен е посилен од уставно загарантираниот судиски имунитет...".**

На крајот на текстот повторно упатува неосновани обвинувања и закана до директорот на Академијата велејќи:

**„....Не ми ставајте пречки на мојот пат, бидејќи на крајот паѓа врз нив оној што ги става."**

Во Барањето за заштита од дискриминација до Судскиот совет на РСМ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, Народниот правобранител на РСМ и Уставниот суд на РСМ, слушателот продолжува со напади со кои сериозно се нарушува угледот на Академијата. Имено тој наведува дека **„недозволиво е дискриминација и неправда да постојат во Академијата за судии и јавни обвинители, како институција која обезбедува обуки за судии и обвинители inter alia и за антидискриминација и мобинг".**

Во претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, слушателот изнесува низа навреди кон мене лично, кон вработени но и кон други слушатели во Академијата. Во претставката слушателот кој се повикува на дискриминација по етничка основа започна ги напаѓа и слушателите од сопственатаа заедница наведувајќи **„само двајца слушатели Албанци кои се рангирани во првите 30 се на листата за судии, а останатите 13 слушатели се на листата за јавни обвинители. Притоа лично сум убеден дека на двајцата слушатели Албанци: Пајтим Машкули и Реџеп Муса им е помогнато незаконски да имаат многу поени и да бидат во првите 30 слушатели, со цел да се создаде лажен впечаток дека „нема дискриминација и злоупотреба на бодови" и дека се „почитува" начелото на соодветна и правична застапеност".** Слушателот во претставката наведува и дека **„за време на теоретската настава, раководителот**

**за човечки ресурси, Сања Пандилов, подоцна унапредена во државен советник или поради заштита токму за тоа, манипулираше со резултатите од тестовите, првенствено од Модул I, со цел да ми наштети мене и да ме оддалечи од првите 30 места (кои според произволното и рестриктивното толкување на директорката на АСЈО, без да се почитува принципот на „соодветна и правична застапеност" имале дискреционо право да се определат за судија или јавен обвинител)......Поради горенаведеното и за уште други злоупотреби, поднесов кривична пријава до Основното јавно обвинителство – Скопје, која постапка е заведена под II КО бр.134/21. Поради горенаведеното, „бодовите" не ги сметам како реални особено не на повеќето слушатели во првите 30 места".**

Понатаму, во дописот до Врховниот суд, слушателот наведува дека има **„груба дискриминација и маргинализација на слушателите Албанци во АСЈО, за да не станат судии, со цел да се задоволат партиските и непотистичките апетити на владејачката партија и на судско-обвинителските структури, на штета на принципот на „соодветна и правична застапеност" и на штета на слушателите Албанци".**

Несомнено е јасно дека Слушателот се служи со однесување кое не е во согласност со општите норми за добро однесување и не му доликува на слушател/кандидат за иден судија/јавен обвинител и општо на лице во работен однос во правосудна институција. Во неговите дописи изнесува низа тврдења и обвинувања кој слушател на почетна обука, претендент за вршење на функција не смее да си ги дозволи. Не е спорно правото на Слушателот да за сите наводи кои ги изнесува низ дописите во изминатиот период, да иницира соодветни постапки, каде надлежните институции ќе го дадат последниот збор во однос на утврдувањето на вистината, односно кои тврдења се точни, а кои не. Но ваквото постапување со изнесување на паушални обвинувања и лични импресии, за разни лица и за разни околности без при тоа да се приложат цврсти докази, а се тоа предизвикано од незадоволството да се биде судија по секоја цена, е класично нарушување на угледот на сите споменати лица и Академијата во целина, која како институција мониторирана од ЕУ е мошне значајна алка во низата институции во правосудството и честопати истакнувана за успешност во работењето и значајниот придонес кој го дава во целокупното правосудство. Како директор нема да дозволам вакви однесувања кои имаат за цел да ја нарушат реалната слика за Академијата, која во текот на петнаесетте години постоење е стекната кај останатите институции како од правосудството, така и надвор од него.


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Крајно, како што уредува и Европската Конвенција за заштита на човековите права во своите одредби, некои од загарантираните права при нивната примена се подложени на ограничувања во кои меѓу другите е наведена и заштитата на правата, угледот и слободите на другите. Во таа смисла Академијата, мора са презема мерки на заштита на сопствениот интегритет и углед.

Врз основа на сето наведено, ценејќи ги сите докази, факти, доставените записници од одржани сослушувања на слушателот од Дисциплинската комисија за време на дициплинската постапка, степенот на тежина на сторената повреда како и олеснителната околност дека е упатено извинување до мене како директор, а имајќи го предвид социјалниот момент дека лицето би останало без работа, донесов одлука за изрекување на дисциплинската мерка предупредување-јавна опомена.

Со почит,

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Директор**
**Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска**


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев

Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk